# УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ОСНОВНИТЕ СЛОБОДИ: ОДНОСОТ ПОМЕЃУ МЕЃУНАРОДНИТЕ, СУПРАНАЦИОНАЛНИТЕ И НАЦИОНАЛИТЕ КАТАЛОЗИ ВО 21 ВЕК

## ПРАШАЛНИК ЗА XVIII КОНГРЕС НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА НА ЕВРОПСКИТЕ УСТАВНИ СУДОВИ

## I. ОПШТ ДЕЛ: КАТАЛОЗИ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ОСНОВНИТЕ СЛОБОДИ

I.I. Меѓународни каталози на човековите права (ЕКЧП, УДЧП, МПГПП)

- Во вашата земја, каква е уставната позиција/карактеристика/правна сила на меѓународните договори за заштита на човековите права?
- Кој механизам се користи за да се применуваат меѓународните договори при одлучувањето на домашните судови?
- Дали е можно повикување на директниот ефект на меѓународните каталози за човекови права? Доколку да, ве молиме објаснете го механизмот.

**<u>Одговор:</u>** Уставно-правниот основ за примена на меѓународното право, вклучувајќи ги тука пред се меѓународните договори од областа на човековите права од страна на домашните судови, се следниве одредби од Уставот на Република Северна Македонија[1]; членот 8 кој ги утврдува темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, и во кој, меѓу другите, како темелни вредности се утврдени и *основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот* (член 8 став 1 алинеја 1) како и *почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право* (член 8 став 1 алинеја 11); потоа Амандман XXV од Уставот кој се однесува на судството и во кој е определено дека: *„Судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот“;* и членот 118 од Уставот кој определува дека: *„Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон“.*

Според тоа, меѓународните договори претставуваат составен дел на внатрешниот правен поредок, односно претставуваат извор на правото, тие со чинот на ратификацијата автоматски се инкорпорираат во внатрешниот правен поредок на Република Македонија и се директно применливи од страна на македонските судови.

[1] Уставот на Република Македонија е донесен на 17 ноември 1991 година, врз основа на резултатите од референдумот одржан на 8 септември 1991 со кој Република Македонија стана самостојна држава.

Од уставната одредба од членот 118 од Уставот според која меѓународните договори не можат да се менуваат со закон, произлегува дека тие хиерархиски стојат повисоко од домашните закони, но пониско од Уставот на Република Северна Македонија.

Во членот 110 од Уставот на Република Северна Македонија кој ја уредува надлежноста на Уставниот суд е предвидено дека Уставниот суд одлучува *за согласноста на законите со Уставот и за согласноста на другите прописи и колективните договори со Уставот и законите.* Во досегашната уставно-судска практика доминира становиштето дека со оглед на тоа што во наведената одредба не е предвидена изрично надлежност на Судот во однос на меѓународните договори, истите не можат да бидат предмет на оценка пред Уставниот суд, ниту пак можат да бидат критериум за оценување на согласноста на законите со меѓународните договори.

Меѓутоа, кога станува збор за меѓународните договори за човекови права, особено Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, Уставниот суд ги користи и редовно ги цитира во своите одлуки или решенија кога одлучува за прашања поврзани со човековите слободи и права но истите ги користи како дополнителен аргумент за уставноста или законитоста на актот што е предмет на оценка. Смислата и значењето на принципот на уставноста и зконитоста, чија заштита спаѓа во надлежност на Уставниот суд на Република Македонија, е пред се да се обезбеди согласност на законите со Уставот и согласност на другите прописи и општи акти со Уставот и законите. Во судската практика доминира ставот дека единствената рамка и границите во кои треба Уставниот суд да се движи при оценување на уставноста и законитоста на домашното законодавство се Уставот и законите на Република Северна Македонија, и дека уставно-судската контрола не може да се заснива единствено и исклучиво на одредбите на Европската конвенција.

Меѓутоа, токму поради преклопувањето на каталозите на човекови права гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија со правата гарантирани со Европската конвенција, Уставниот суд практикува во образложението на своите одлуки да утврди, односно да декларира дека оспорениот закон, друг пропис или општ акт е во согласност или не со Уставот или законите на Република Македонија, а во врска со соодветните одредби од Конвенцијата. На тој начин одредената одредба од Конвенцијата се користи како дополнителен и поцврст аргумент за уставноста, односно законитоста на актот што е предмет на оцена пред Судот, а не и како единствен основа и аргумент за донесување на одлуката.

Значаен чекор напред во примената на Европската конвенција од страна на Уставниот суд беше направен со Одлуката У.бр.31/2006 од 1 ноември 2006 година, со која беше укината одредба Законот за јавните собири за ограничување на одржување на јавен собир. Во оваа одлука Судот укажа дека уставните права треба да се интерпретираат во контекст на Европската конвенција за човековите права и дека Европската конвенција и практиката на Европскиот суд за човекови права треба да претставуваат не само дополнителен аргумент, туку и критериум за интерпретација на Уставот:

*„Поаѓајќи од член 8 став 1 алинеја 1 од Уставот, според која една од темелните вредности на уставниот поредок се и основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, имајќи го предвид значењето на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи не само како дел од внатрешниот правен поредок на Република Македонија, туку поради општите принципи на кои се потпира и ги промовира, Судот оцени дека интерпретацијата на член 21 од Уставот треба да се потпира на тие општи правни принципи“.*

Во врска со директниот ефект на одредбите од меѓународните каталози на човекови права, тој произлегува од самиот Устав односно од горенаведената одредба на членот 118[2] од Уставот и Амандман XXV[3] од Уставот.

Овие одредби понатаму се операционализирани во Законот за судовите кој во членот 18 го предвидува следново: „Кога судот смета дека примената на законот во конкретниот случај е во спротивност со одредбите на меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот ќе ги примени одредбите од меѓународниот договор, под услов тие да можат директно да се применат. Судот во конкретните случаи непосредно ги применува конечните и извршни одлуки на Европскиот суд за човекови права, на Меѓународниот казнен суд или на друг суд, чијашто надлежност ја признава Република Македонија. Судот при одлучувањето е должен да ги применува ставовите изразени во конечни пресуди на Европскиот суд за човекови права.

### I.II. Супранационални каталози за човековите права (Повелбата на ЕУ)

- Дали Повелбата претставува упатувачка точка при оценката на уставноста на правните правила и/или при одлучувањето на јавните власти, било директно (како формална упатна тока во некои земји членки на ЕУ) или индиректно преку националните каталози (субстантивна упатна точка во други земји)?
- Дали судската пракса за човековите права на Европскиот суд на правдата на Европската Унија служи како водич при интерпретацијата и примената на националниот каталог во вашата земја од страна на судовите од општа надлежност или како извор за судското одлучување?
- Дали националното влијание на Повелбата е условено, во уставна смисла, преку суштински еднакавиот степен на заштита што се пружа, или пак како што е случај во земјите членки на ЕУ, е условено од доставувањето на барање за прелиминерна одлука до Судот на правдата на ЕУ?

**<u>Одговор:</u>** Во врска со прашањето за примената на супранационалните каталози на човековите права каква што е на пример Повелбата за основните права на Европската Унија, укажуваме дека Република Северна Македонија не е членка на Европската Унија, така што правото на ЕУ не се применува директно од страна на домашните судови, со исклучок на Спогодбата за стабилизација и

[2] Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.

[3] Судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

асоцијација, како инструмент кој ги регулира односите помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија.

### I.III. Национални каталози за човекови права

- Дали каталогот на човековите права е дел од Уставот на вашата земја? Доколку да, како тој е инкорпориран во Уставот (посбена уставна повелба, дел од Уставот, дел од уставниот поредок)? Каква е неговата структура?
- Каква била историската позадина при создавањето на националниот каталог на човековите права во вашата земја? Дали соодветната регулатива се темели на друга регулатива (претходно важечка или странска) или пак е оригинална?
- Како се развивал националниот каталог на човековите права со тек на времето? Дали претрпел измени? Дали биле вклучени некои нови права? Дали постои уставна постапка за измени и дополнувања на националниот каталог на човековите права?

**Одговор:** Националниот каталог на човековите права во Република Северна Македонија е составен дел на Уставот кој беше донесен во 1991 година. Човековите права најнапред се содржани во Првата глава со наслов Основни одредби, во која, меѓу другите одредби, се утврдени темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија. Како прва од темелните вредности на уставниот поредок на Републиката се определени основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот. Покрај нив, како темелни вредности на уставниот поредок се определени и слободното изразување на националната припадност и соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, владеењето на правото, поделбата на власта, политичкиот плурализам и слободните непосредни избори, правната заштита на сопственоста, хуманизмот, социјалната правда и солидарноста, почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право и др.

Понатаму во нормативниот дел од Уставот, човековите слободи и права се уредени во посебна глава со наслов Основни слободи и права на човекот и граѓанинот во која се опфатени членовите од 9 до 60 на Уставот. Ако се има предвид дека вкупниот број на членови во Уставот е 134, може да се извлече заклучок дека повеќе од една третина од вкупниот број на членови во Уставот е посветен на човековите слободи и права и нивната заштита, што укажува дека оваа материја зазема централно место во Уставот. Слободите и правата на човекот и граѓаниот во Уставот се систематизирани според универзално прифатената поделба на слободите правата на граѓански и политички права (регулирани со членовите од 9 до 29) и економско-социјални права (регулирани со членовите од 30 до 49). Останатите одредби од оваа глава се систематизирани под посебна точка 3. Гаранции на основните слободи и права и точка 4.Основи на економските односи.

Уставот на Република Македонија беше донесен во 1991 година, врз основа на резултатите од референдумот одржан на 8 септември 1991 година на кој граѓаните на Република Македонија ја изразија својата желба Македонија да

се конституира како самостојна и демократска држава, и тој во основа е граѓански устав поставен на либерално-демократски основи. Со новиот Устав социјалистичкиот општествен поредок заснован на еднопартиски систем беше напуштен и отпочна да се развива новиот демократски систем заснован на почитување на слободите и правата на човекот и граѓанинот, еднаквоста, владеењето на правото и поделба на власта на законодавна извршна и судска. Но и покрај промената на општественото уредување што беше озаконета со овој Устав, сепак се смета дека во однос на слободите и правата на човекот и граѓанинот, Уставот претставува континуитет во уставното уредување, од причина што сите претходни Устави на земјата (во периодот кога земјата беше дел од поранешната држава Југославија) содржеа одредби за човековите слободи и права, особено оние кои се однесуваа на социјалните права, како што се правото на работа и правото на заработувачка. Се разбира, поради промената на општественото уредување, одделни права кои беа условени со социјалистичкото и самоуправното уредување во минатото беа напуштени, додека пак одделни права, пред се оние од корпусот на граѓанските и политичките права, добија поголемо значење.

Иако Главата II од Уставот во која се содржани одредбите за човековите слободи и права го носи насловот Основни слободи и права на човекот и граѓанинот, тоа не треба да се сфати во смисла на тоа дека Уставот уредува само дел од слободите и правата дека одделни слободи и права се утврдуваат и со закон. Ова од причина што националниот каталог на слободите и правата содржан Уставот е доста сеопфатен и е уреден во согласност со меѓународните документи од областа на човековите слободи и права, односно во согласност со меѓународниот каталог на слободи и права. Секако одделни слободи и права, како што се правата на националните малцинства, освен меѓународно прифатените гаранции, во домашниот Устав се уредени во согласност и со особеностите на нашата земја.

Од фактот што човековите слободи и права претставуваат уставна материја, произлегува дека со закон не можат да се востановуваат нови права, ниту пак да се стеснуваат, ограничуваат или одземаат уставно утврдените слободи и права. Со закон може да се пропишува начинот на нивното остварување и во определени случаи условите под кои тие можат да се остваруваат. Тоа се потврдува со фактот што во Уставот во повеќе одредби е предвидено остварувањето на одделни права и слободи да се уреди со закон.

Националниот каталог на слободите и правата во текот на годините се развиваше и збогатуваше, а некои од неговите одредби претрпеа и промени со уставните измени односно амандманско надополнување на Уставот што се случи во повеќе наврати[4]. Првата измена на уставните одредби за човековите слободи и права се случи во 1998 година кога беше усвоен Амандманот III, кој се однесуваше на траењето на притворот. Амандманот предвиде дека притворот до подигнување на обвинението, по одлука на суд може да трае најдолго 180 дена од денот на притворањето. По подигнување на обвинението притворот го продолжува или го определува надлежниот суд во случај и постапка утврдени со закон.

[4] Уставот на Република Македонија од 1991 година, досега бил менуван и дополнуван осум пати: во 1992, 1998, 2001, 2003, 2005, 2009, 2011 и 2019.

Како најобемни уставни измени се сметаат уставните амандмани од IV до XVIII усвоени во 2001 кои беа донесени како резултат на т.н Охридскиот рамковен договор, со кој политички договор се разреши вооружениот конфликт во 2001 година. Со овие уставни амандмани беше зајакната уставната положба и правата на припадниците на немнозиските заедници во Република Македонија. Овие уставни амандмани се однесуваат на прашањето за употребата на јазиците и писмата, негувањето на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на заедниците, употребата на симболите, правото на настава на својот јазик во основното и средното образование, механизмите на политичко одлучување при избор на државни функции, формирање на Комитет за односи помеѓу заедниците.

Со овие амандмани беше воведен нов уставен принцип односно нова темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, тоа е принципот на **соодветна и правична застапеност** на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа. Овој уставен принцип има за цел да ја отслика структурата на населението во сферата на државната власт и јавните институции.

Со амандманите беше воведено т.н. „Бадентерово мнозинство“ или двојно мнозинство при одлучувањето во Собранието на Република Северна Македонија за определени прашања поврзани со правата на заедниците. Имено, Амандманот X на Уставот предвиде дека за закони кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници,при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Со Амандманот VII беше дополнет членот 19 од Уставот кој ја гарантира слободата на вероисповеста и го утврдува секуларниот карактер на државата. Со овој Амандман беше зајакнат принципот на еднаквост на сите верски заедници на тој начин што изрично беа наведени другите верски заедници (освен Македонската православна црква) како што се Исламската верска заедница, Католичката црква, Евангелско-Методистичката црква и Еврејската заедница.

Со Амандманот XIX кој беше усвоен во 2003 година, беше изменета уставната одредба која се однесуваше на правото на приватност односно тајност на писмата и другите облици на општење (член 17 на Уставот). Со овој амандман се овозможи отстапување од неповредливоста на тајноста на писмата и сите други облици на комуникација, а не само на писмата како што беше иницијално предвидено во текстот на Уставот од 1991 година. Отстапувањето се врши врз основа на одлука на суд, под услови и постапка утврдени со закон, поради спречување или откривање на кривични дела, и поради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на Републиката. Заради посилна заштита на слободата и неповредливоста на сите облици на комуникација, со амандманот беше даден уставен основ за донесување на закон кој ќе ја уреди оваа материја, кој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Во 2005 година, беа усвоени повеќе амандмани на Уставот со цел да се создаде уставна основа за крупните реформи во областа на судството. Во

рамките на овие амандмани беа изменети уставните одредби кои се однесуваат на судската власт (Глава III – Организација на државната власт), но дел од амандманите ги опфатија и одредбите од Глава II – Основни слободи и права на човекот и граѓанинот, во која што глава е содржан и националниот каталог за човековите слободи и права. Тука спаѓа Амандманот XX со кој се гарантира судска заштита против конечна одлука донесена во прекршочна постапка, како и Амандманот XXI со кој се гарантира правото на жалба против судските одлуки, додека правото на жалба против поединечните акти на органите на управата, предвидено е да се уреди со закон.

Со Амандманот XXXII усвоен во 2011 година се измени членот 4 став 2 од Уставот и се предвиде дека на државјанин на Република Македонија не може да му биде одземено државјанството, ниту може да биде протеран од Република Македонија. Државјанин на Република Македонија не може да биде предаден на друга држава, освен врз основа на ратификуван меѓународен договор, со одлука на суд.

Во поглед на постапката за измена на одредбите на Уставот кои се однесуваат на слободите и правата на човекот и граѓанинот, се применуваат уставните одредби од Глава VIII на Уставот со кои е уредена посапката за измена на Уставот. Оваа постапка се остварува во неколку фази и тоа, предлог за пристапување кон измена на Уставот, одлука за пристапување кон измена на уставот, усвојување на Нацрт измена на Уставот и на крајот донесување на Одлука за измена на Уставот што ја усвојува Собранието на Републиката со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Сепак постои определена специфичност во поглед на измена на уставните одредби со кои е уредена положбата и правата на припадниците на заедниците што не се мнозинство и која е резултат на усвојувањето на Амандманот XVIII на Уставот. Со овој Амандман беа утврдени уставните одредби за чие што менување е потребно т.н Бадинтерово мнозинство или двојно мнозинство. Имено согласно наведениот амандман, одлука за измена на Преамбулата, членовите за локална самоуправа, членот 131, која било одредба што се однесува на правата на припадниците на заедниците, вклучувајќи ги особено членовите 7, 8, 9, 19, 48, 56, 69, 77, 78, 86, 104 и 109[5], како и одлука за додавање која било нова одредба која се однесува на предметот на тие одредби и тие членови, ќе биде потребно двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во кое мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија.

[5] Станува збор за одредби од Уставот на Република Северна Македонија кои се однесуваат на правата на припадниците на заедниците, особено оние кои се однесуваат на службената употреба на јазиците, темелните вредности на уставниот поредок на Републиката, еднаквоста на граѓаните, слободата на вероисповеста, правата на заедниците, историското и уметничкото богатство на Македонија, Народниот правобранител, Комитетот за односи со заедниците, Советот за безбедност, Судскиот совет и Уставниот суд.

## I.IV. Взаемната врска помеѓу различните каталози на човековите права

- Дали може да дадете примери од судската практика на вашиот суд за употреба на некои од меѓународните каталози на човековите права?
- Дали вашиот суд се занимавал со прашањето на односот/врската/хиерархијата/компетитивноста на каталозите на човековите права во светлината на заштитата што ја нудат?
- Дали постои утврдена постапка за избор на специфичниот каталог на човековите права во случај кога едно право ужива заштита според повеќе каталози (Примената на Повелбата е задолжителна за земјите членки на ЕУ во согласност со член 51 став 1, те.е нејзината примена не е дискрециона).

Уставниот суд на Република Северна Македонија во вршењето на своите функции, односно надлежности за апстрактна уставно судска контрола како и во непосредната уставно-судска заштита на одделни права на граѓанинот ги применува и меѓународните извори на правото и тоа најчесто Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи.

Од поновата уставно-судска практика би го спомнале предметот **У.бр.153/2017** (Одлука од 20 јуни 2018) во кој Уставниот суд ја оценуваше уставноста на одредбата од Законот за семејството со која беше ограничено правото на детето да поднесе тужба за оспорување на татковство до навршена 21 година возраст на детето. Во овој предмет Уставниот суд се повика и на членовите 8 и 14 од Европската конвенција за заштита на човековите права и релевантната практика на Европскиот суд за човекови права, како и на член 3 од Конвенцијата за правата на детето. Судот утврди дека оспорената одредба е противуставна бидејќи го ограничува правото на граѓанинот на неговиот личен и семеен живот, правото да може да ја утврди биолошката врска со неговите вистински родители во било кој момент од неговото осознавање на клучните факти за ваквата правна ситуација.

Уставниот суд во својата работа се повикува и цитира одредби и од универзалните документи за човекови права како што се Универзалната декларација за човековите права, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права[6], Меѓународниот пакт за економски социјални и културни права[7], Конвенцијата за правата на детето[8], конвенциите на Меѓународната организација на трудот, Женевските ковенции од 1949.

---

[6] Во одлуката **У.бр.37/2002** од 12 септември 2002 година Уставниот суд утврди дека е противуставна одредбата од Законот за одбрана која предвидуваше можност за алтернативно служење на воениот рок поради приговор на совеста што требаше да се утврдува во посебна постапка пред посебен орган и во определен рок. Во овој предмет Уставниот суд се повика на одредбите од Универзалната декпарација за човекови права, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Европската конвенција за човекови права.

[7] Во предметот **У.бр.139/2005** од 21 декември 2005 година Уставниот суд утврди дека се спротивни на Уставот одредбите за надоместок на штета во случај на незаконски престанок на работниот однос и се повика на одредбите од Меѓународниот пакт за економски и социјални права и Европската социјална повелба во поглед на правото на работникот на плата.

[8] Во Решението **У.број. 28/2008** од 23 април 2008 година, во врска со уставноста на казната доживотен затвор, при што во поглед на меѓународната регулатива за казната доживотен затвор Уставниот суд се повика на одредбите на член 37 од Конвенцијата за првата на детето кои забрануваат изрекување на казна доживотен затвор на малолетни сторители на кривични дела.Во предметот **У.број. 134/2010** од 18 мај 2011 година, Уставниот суд се повика на членот 15 став 1 од Конвенцијата за правата на детето во врска со правото на детето на слобода на здружување и слобода на мирно собирање.

Кога Уставниот суд се повикува на правата што се дел од меѓународните каталози на човекови права, тој по правило ги цитира релевантните одредби од конвенцијата со кои е гарантирано правото за кое што станува збор, без при тоа да се впушти во детална анализа на одредбата од конвенцијата и без да го анализира заемниот однос или опфат на одредбите, во смисла на споредба на одредбата од меѓународниот каталог со соодветната уставна одредба која е дел од националниот каталог.

Меѓутоа, во уставно-судската практика најдовме и еден пример во кој Судот се впуштил во анализа на уставната одредба од членот 21 од Уставот кој го уредува правото на мирно собирање *vis-a-vis* одредбата од членот 11 од Европската конвенција, во однос на пропишаните ограничувања на правото на мирно собирање. Според членот 21 од Уставот на Република Северна Македонија правото на мирно собирање и протест може да се ограничи само во услови на воена и вонредна состојба, додека пак ограничувањата на ова право предвидени во Европската конвенција за заштита на човековите права не прават дистинкција помеѓу околноста дали собирот се ограничува во вонредни или воени услови и нормални услови. Судот анализирајќи ја содржината на двете одредби констатира дека: „*отсуството на изрична уставна одредба за можноста од ограничување на остварувањето на правото на мирно собирање во редовни, односно мирновременски услови, според мислењето на Судот, не би требало да се толкува во смисла дека правото на мирно собирање во редовни околности е апсолутно право кое се остварува без какви и да е граници и без секаков респект кон слободите и правата на другите. Таков принцип на апсолутна исклучивост не постои било во европскиот, било во меѓународен контекст, а Судот смета дека не може да се воспостави ни според Уставот на Република Македонија“ и дека од тие причини и: „имајќи го предвид значењето на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи не само како дел од внатрешниот правен поредок на Република Македонија, туку поради општите принципи на кои се потпира и ги промовира, Судот оцени дека интерпретацијата на член 21 од Уставот треба да се потпира на тие општи правни принципи*“.

Од наведеното може да се заклучи дека во определени случаи, отсуството на изрични одредби во националниот каталог на слободите и правата, може да се компензира со повикување на одредбите од меѓународниот каталог, односно од меѓународите конвенции за човековите права и преку интерпретација на националните одредби во духот на општите принципи на меѓународните конвенции.

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ – СПЕЦИФИЧНИ ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ОДДЕЛНИ ОСНОВНИ ПРАВА

### II.I. Право на живот

- Каква е оригиналната формулација на одредбата која го штити ова право во вашиот национален каталог?
- Дали може ова право да се ограничи? Доколку да, како и под кои услови?
- Дали вашиот суд го разгледувал ова право и дали го интерпретирал подетално. Доколку да, ве молиме дадете детали и наведете ги каталозите на човекови права што биле применети?
- Дали постои разлика помеѓу судската практика на вашиот суд и судската практика на меѓународните судови во поглед на заштитата на ова право?

**Одговор:** Правото на живот е гарантирано со член 10 од Уставот според кој животот на човекот е неприкосновен. Во ставот на 2 на овој член од Уставот е определено дека во Република Македонија не може да се изрече смртна казна по ниту еден основ.

Според член 54 од Уставот, слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот. Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот. Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба. Ограничувањето на слободите и правата **не може да се однесува на правото на живот**, забраната на мачење, на нечовечко и понижувачко постапување и казнување, на правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста.

Уставниот суд правото на живот од член 10 на Уставот, го разгледувал и анализирал во контекст на оценката на уставноста на законските одредби за употреба на средства на присилба и огнено оружје од страна на полицијата.

Така во предметот **У.бр.10/2006** (Решение од 22 март 2006 година) Уставниот суд ја оценувал уставноста на одредбите од Законот за внатрешни работи со кои биле утврдени случаите во кои припадниците на полицијата можат да употребат огнено оружје. Подносителот на иницијативата сметал дека со оглед на можноста лицето да биде лишено од живот поради употреба на средства за присилба и огнено оружје, оваа мерка претставувала ограничување на правото на живот кое според Уставот било неприкосновено и можело да се ограничи само во случаи утврдени со Уставот, а не и со закон. Уставниот суд во решението за неповедување постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба утврдил дека: *„Неприкосновеноста на животот на човекот и неговиот физички и морален интегритет се негово основно и суштествено право, кое е реална основа за остварување на другите негови основни слободи и права. Остварувањето на таквото право не може да биде на штета на истото такво право на другите лица. Оттука, логичен е заклучокот дека*

*овластеното службено лице кое е доведено во опасност, односно кога кон истото е упатен напад кој е непосреден и се уште трае, со употребата на огнено оружје не го повредува животот на човекот, ниту неговиот физички и морален интегритет, туку истото е преземено кога со други средства на присилба не може да го заштити животот на граѓаните, ниту од себе да одбие непосреден напад со кој се загрозува неговиот живот. Поаѓајќи токму од таквата основа и причина, секое општество, вклучувајќи го и нашето ги задржува средствата за присилба, строго определувајќи ја со закон нивната употреба и тоа во функција на остварување на слободите и правата на човекот и граѓанинот. Во таа смисла, употребата на средствата за присилба, вклучувајќи го и огненото оружје, во со закон строго определени граници и конкретно пропишани постапки, не може да се спротивставува на уставната неприкосновеност на правото на живот, физичкиот и моралниот интегритет на човекот. Од анализата на содржината на оспорената законска одредба произлегува дека истата не е во колизија со основните слободи и права на човекот и граѓанинот, од причина што во истата јасно и прецизно се наведени случаите во кои овластеното службено лице ќе употреби огнено оружје, односно децидно се наведени условите под кои може да се употреби истото од страна на овластено службено лице на Министерството за внатрешни работи. Имено, во оспорената законска одредба употребата на огненото оружје од страна на овластеното службено лице е дозволено само ако е нужно во наведените случаи. Оттука, следува логичен заклучок дека не секогаш употребата на огнено оружје од страна на овластените службени лица значи повреда на загарантираната неприкосновеност на животот на човекот, а особено не тогаш кога тоа било нужно да се заштитат интересите на граѓаните и општеството од криминалот*".

Во друг предмет (**Одлука У.бр.40/2003** од 30 јуни 2004 година), Уставниот суд ја укинал одредбата од Законот за финансиската полиција која предвидувала овластување за финансиските полицајци да употребат огнено оружје за "да спречат бегство на превозно средство". При одлучувањето Судот се повикал на членот 10 од Уставот на Република Северна Македонија како и на членот 2 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи. Судот во анализата се осврнал на специфичните овластувања и задачи на финансиската полиција и потребата да се воспостави баланс помеѓу слободата и безбедноста и односно помеѓу контролата на криминалот, како јавен интерес и почитување на правата и слободите на човекот и заклучил дека: „*Употребата на максимална сила е непожелна во секое демократско општество што треба да подразбере дека и кај најекстремните случаи на криминално однесување не смее да се наметне концептот на располагање со максимална сила од страна на полицијата, односно на финансиската полиција. Имено, правото на употреба на силата е оправдана само доколку е применета да отстрани зло поголемо од неа самата, односно тоа како средство на присилно спроведување на правото е дозволено во мера и обем која соодветствува на целите кои сакаат да се постигнат. Тргнувајќи од наведеното, Судот смета дека оспорената одредба според која финансиските полицајци можат да употребат огнено оружје за да спречат бегање на "превозно средство", во себе содржи опасност од злоупотреба во нејзината примена на штета на уставните принципи за неприкосновеност на животот на човекот, неговиот физички и морален интегритет и неговата слобода и е надвор од мерилата и*

*стандардите за оправданата апсолутно потребна употреба на сила во смисла на Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, поради што оцени дека член 10 став 1 точка 2 од Законот не е во согласност со напред наведените одредби од Уставот*“.

## II.II. Слобода на изразување

- Каква е оригиналната формулација на одредбата со која се заштитува ова право во вашиот национален каталог?
- Дали може ова право да биде ограничено? Доколку да, на кој начин и под кои услови?
- Дали вашиот Суд го разгледувал/интерпретирал ова право подетално? Доколку да, ве молиме дадете практични детали и наведете ги каталозите на човекови права што биле применети?
- Дали постои разлика помеѓу судската практика на вашиот суд и судската практика на меѓународните судови во поглед на заштитата на ова право?

**Одговор:** Според член 16 од Уставот на Република Северна Македонија се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета.

Од наведената уставна одредба на членот 16 може да се заклучи дека во неа е содржана гаранцијата за слободата на изразувањето, но дека во истата не се содржани ограничувањата на ова право, како што е случај со одредбата од членот 10 став 2 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи или пак во членот 19 став 3 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. Оттука, и за ограничувањето на ова право важи општата одредба од членот 54 од Уставот, според која слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот. Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот. Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба. Ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на правото на живот, забраната на мачење, на нечовечко и понижувачко постапување и казнување, на правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста.

Во врска со ограничувањето на слободата на изразувањето, Уставниот суд во **Одлуката У.бр.50/1998** од 8 април 1998 година, укажал дека: „*и покрај високото ниво на гарантирање на слободата на мислата и нејзиното јавно изразување во Уставот на Република Македонија, таа не може да важи*

*неограничено. Заради обезбедување на заедничкиот живот правниот поредок мора да ја ограничи слободата на поединецот за да ја заштити слободата на другите, односно содржински да го ограничи нивното важење.... Битно е дека, со оглед на тоа што основните слободи и права се утврдуваат со Устав, и основот за нивното ограничување мора да се наоѓа во Уставот. Еден од начините на ограничување е упатувањето со закон да се уреди остварувањето на некоја слобода или право. При тоа, со Уставот може да се предвиди обемот на ограничувањето на одредена слободата или право, кој е обврзувачки за законодавецот или општо да се определи обемот до кој законодавецот може да ги ограничи основните слободи и права. Доколку Уставот на тоа не упатува, основните слободи и права не можат да се уредат, ограничат со закон, туку нивната содржина и граници ќе се определуваат преку севкупноста на уставните определби и вредности и нормите на правниот поредок како претпоставка за реално остварување на слободите и правата загарантирани со Уставот.*

*Уставот на Република Македонија поаѓа од гарантирање на самата слобода на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, на начин кој е општ, генерален за сите поединци, и токму од аспект на оваа општост мора да се толкува одредбата од член 54 став 4 од Уставот со која се исклучува ограничувањето на оваа слобода...Меѓутоа, ова не значи дека не постои никакво ограничување за поединецот во манифестирањето на генерално загарантираната слобода на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Границите на манифестирањето на оваа слобода за поединецот се наоѓаат во со закон санционираните дејствија, без оглед дали се работи за кривична или граѓанско-правна санкција. Оттука, уставно управниот спор дали постои повреда на со Уставот загарантираната слобода на јавното изразување на мислата преку санкционирање на нејзината манифестација, се сведува на уставно-правна оцена дали со ваквата санкција е повредена самата содржина на уставно гарантираната слобода на поединецот без никакво ограничување јавно да го искаже своето мислење, или, пак, е санкционирано дејствие кое, иако како свој појавен облик го има јавното искажување на мислење, всушност ја изгубило смислата на слобода на мислење и јавно искажување на мислата кое што Уставот ја гарантира и заштитува, преминувајќи во дејствие со кое се повредуваат други со Уставот и со закон заштитени слободи, права и интереси*“.

Судот понатаму во Одлуката ги цитирал одредбите од членот 10 од Европската конвенција за човекови права и членот 19 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и компарирајќи го начинот на кој слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата е гарантирана во Уставот на Република Македонија и начинот на гарантирањето на оваа слобода во наведените меѓународни документи, дошол до заклучок дека се работи за два различни приоди. Судот укажал на следново: „*Имено, Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права и Европската конвенција за човековите права поаѓаат од правото на поединецот слободно да го манифестира своето уверување и совест и слободно да ја изрази својата мисла, без никакво ограничување и во било која форма, и, истовремено, упатуваат на ограничувањата на оваа слобода, кои мора да бидат изречно утврдени со закон и кои се нужни, односно неопходни во едно*

*демократско општество заради заштита на правата или слободите на другите лица, националната безбедност или јавниот поредок, здравјето или моралот.*

*Без оглед на различноста на приодот на ограничувањето на слободата на јавното изразување на мислата, крајниот заклучок се сведува на принципот на законитоста, содржан во членот 14 став 1 од Уставот на Република Македонија ("Никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или со друг пропис како казниво дело и за кое не била предвидена казна"), и на санкционирањето на дејствијата со кои се повредуваат правата и слободите на други лица и другите со Уставот загарантирани вредности, во мера која е неопходна во едно демократско општество. Впрочем, токму ова е содржината на членот 2 од Кривичниот законик на Република Македонија во кој се определени основата и границите на кривично-правната принуда, според кој "Заштитата на слободите и правата на човекот и на другите основни вредности и применувањето на кривично-правната принуда кога е во мера во која тоа е нужно за спречување на општествено-штетни дејствија, претставуваат основа и граница за определување на кривичните дела и пропишување на кривичните санкции*".

Од поновата уставно-судска практика како пример во оваа смисла ја наведуваме Одлуката по предметот **У.бр.116/2017** (одлука од 27 јуни 2018 година). Во овој предмет Судот утврди дека на двајца припадници од политичката партија „Левица" им било повредено правото на слобода на мислата и јавното изразување на мислата и забраната на дискриминација по основ на политичка припадност поради нивно лишување од слобода заради учество на мирен протест против презентацијата на воената опрема на Соединетите Американски Држави и Армијата на Република Македонија. Целта на членовите на политичката партија биле да покажат дека се против милитаризмот што го шири САД со демонстрација на моќ во Македонија.

Судот по предметот одржа јавна расправа, на која ги сослуша подносителите на барањето и нивниот адвокат и утврди повреда на слободите и правата. Судот најде дека, со дејствието на лишување од слобода и оневозможувањето на носење на транспарентот на кој била испишана нивната порака, на подносителите на барањето им било повредено правото на изразување на мислата, без притоа да има оправданост за преземањето на конкретните мерки од страна на припадниците на полицијата, односно без постоење на пропорционално ограничување на слободата на мислата и јавното изразување на мислата.

Во однос на слободата на изразувањето, Уставниот суд во одлуката укажа на следново: „ *правото на слобода на изразување им е гарантирана на граѓаните со меѓународни правни акти за човековите права како Универзалната декларација за човековите права. Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права, Меѓународниот пакт за економските, социјалните и културните права, Европската конвенција за заштита на човековите права и други акти, кои се ратификувани од страна на Република Македонија, притоа гарантирајќи и регулирајќи заштита на правото на слобода на изразување. Со тоа нашата држава презеде обврска за почитување, гарантирање и заштита на човековите права и слободи на*

*изразување, кое во исто време е инкорпорирано во членот 16 од Уставот на Република Македонија. Имајќи предвид дека правото на слобода на изразување е уставна категорија, ова право понатаму е уредено преку низа закони и други акти. Во таа насока нашата земја има развиено правна и институционална рамка која треба да овозможи реализирање на ова право и да го разграничи од сличните и блиски концепти како говорот на омраза и клеветата и навреда.*

*Понатаму, Судот оцени дека за да се утврди дали постои ограничување на слободата на изразување, кое е во согласност со ставот 2 на членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права, треба да се применува таканаречениот трипартитен тест, кој произлегува од самата формулација на ставот 2 на членот 10 од Конвенцијата и истиот се состои во испитување дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишана со закон, дали е насочено како остварување на легитимна цел и дали е „неопходно во едно демократско општество*".

Судот укажа дека протестот на јавно место не можел да предизвика нарушување на (јавниот ред) вообичаениот живот, вклучително и на сообраќајот, како и тоа дека во случајов имало основ властите да покажат одреден степен на толеранција во однос на мирните собири, дека кај учесниците на протестот не постоело незаконско постапување кое би предизвикало оправдано постапување на припадниците на полицијата и пропорционално ограничување на слободата на мирно собирање. Судот во овој предмет најде повреда и на правото на еднаквост и недискриминација поради политичка припадност.

За односот помеѓу уставните одредби за човековите слободи и права и одредбите на Европската конвенција, Уставниот суд расправал и во предметот **У.бр.133/2013** од 12 март 2014 година, кога не повел постапка за оценување на уставноста на одредбата од членот 3 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета („Службен весник на Република Македонија" бр.143/2012) која предвидува дека ако судот со примена на одредбите од овој закон не може да реши определено прашање поврзано со утврдувањето на одговорноста за навреда или клевета, или смета дека постои законска празнина или судир на одредбите на овој закон со Европската конвенција за заштита на основните човекови права, врз начелото на нејзино предимство над домашното право ќе ги примени одредбите на Европската конвенција за заштита на основните човекови права и становиштата на Европскиот суд за човекови права содржани во неговите пресуди.

Судот во решението изразил став дека: „*законското уредување на остварувањето на слободата на изразување и информирање, според кое ограничувањето на тие права мора да биде во согласност со меѓународните документи за заштита на човековите права и основните слободи, кои се дел од внатрешниот правен поредок и со примената на становиштата на Европскиот суд за човекови права содржани во неговите пресуди, е токму во насока на заштита на наведените слободи и права признати во меѓународното право и утврдени со Уставот и почитување на општо прифатените норми на меѓународното право, што е во согласност со одредбите на Уставот на кои се повикува иницијаторот. Според Судот, со оспорените член 2 став 2 и член 3 од Законот не се повредуваат член 8 став 1 алинеја 4, Амандманот XXV и член 118 од Уставот, како што се наведува во*

*иницијативата. Ова затоа што Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи е ратификувана од страна на Република Македонија и со тоа, согласно член 118 од Уставот, истата претставува дел од внатрешниот правен поредок. Според Амандман XXV на Уставот, судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Оттука, произлегува дека примената на Европската конвенција за заштита на основните човекови права и становиштата на Европскиот суд за човекови права содржани во неговите пресуди, во постапката за решавање на определено прашање поврзано со утврдувањето на одговорноста за навреда или клевета, која се води пред надлежен суд во Република Македонија, е токму во насока на операционализација на овие уставни одредби*."

Како пример на дивергентност помеѓу практиката на Уставниот суд и практиката на Европскиот суд за човекови права во врска со заштитата на слободата на изразувањето го наведуваме предметот **У.бр.27/2013** (Одлука од 16 април 2014 година) кој се однесуваше на случајот со отстранување на новинарите од Собранието за време на насилствата во Собранието во декември 2012 година. Уставниот суд во овој предмет не утврди повреда на слободата на изразувањето на новинарите односно најде дека физичкото отстранување на новинарите од галеријата на собраниската сала кое го налагала конкретната ситуација на ескалација на хаосот и безредието во салата имало за цел истите да ги заштити и да обезбеди ред во салата, а не да ги оневозможи во вршењето на нивната дејност – информирање на јавноста и да им ја ограничи слободата на изразувањето.

Спротивно на Уставниот суд, кога овој случај дојде пред Европскиот суд за човекови права, тој суд констатираше повреда односно утврди дека насилното отстранување на новинарите од собраниската сала од страна на службата за обезбедување претставува повреда на слободата на изразувањето, односно на слободата на пренесување на информации. Европскиот суд за човекови права во истиот овој случај утврди и повреда на членот 6 од Конвенцијата поради тоа што во постапката пред Уставниот суд не била одржана јавна расправа (*Selmani and Others v. "the former Yugoslav Republic of Macedonia" Application no. 67259/14)*

## II.III. Право на приватност

- Каква е оригиналната формулација на одредбата со која се заштитува ова право во вашиот национален каталог?
- Дали може ова право да биде ограничено? Доколку да, на кој начин и под кои услови?
- Дали вашиот Суд го разгледувал/интерпретирал ова право подетално? Доколку да, ве молиме дадете практични детали и наведете ги каталозите на човекови права што биле применети?
- Дали постои разлика помеѓу судската практика на вашиот суд и судската практика на меѓународните судови во поглед на заштитата на ова право?

**<u>Одговор:</u>** Во националниот каталог правото на приватност е опфатено со следниве одредби од Уставот на Република Северна Македонија:

Член 25 од Уставот
На секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.

Член 26 од Уставот
Се гарантира неповредливоста на домот. Правото на неповредливост на домот може да биде ограничено единствено со судска одлука кога е во прашање откривање или спречување, на кривични дела или заштита на здравјето на луѓето.

Според Амандман XIX на Уставот, се гарантира слободата и неповредливоста на писмата и на сите руги облици на комуникација. Само врз основа на одлука на суд, под услови и во постапка утврдени со закон, може да се отстапи од правото на неповредливост на писмата и на сите други облици на комуникација, ако тоа е неопходно заради спречување или откривање кривични дела, заради водење кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката. Законот се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Врз основа на овие уставни одредби во Република Северна Македонија беа донесени Законот за електронските комуникации и Законот за следење на комуникациите, чии што одредби во повеќе наврати биле предмет на оценка пред Уставниот суд во постапките за апстрактна контрола на нормите. Она на што посебно инсистира Уставниот суд при анализата на законските одредби со кои се уредува материјата на следење на комуникациите во однос на уставните одредби за заштита на приватноста е неопходноста од јасност и прецизност на законските одредби со кои се уредува овластувањето на државните органи за следење на комуникациите: *„Одредбите со кои се уредува областа на следење мора да бидат во доволна мера прецизни и предвидливи, не трпат импровизации и толкување за да не преставуваат закана за следење на секого на кого тој закон може да се примени и да не навлезат на неуставен и незаконит начин во почитувањето на правото на коресподенцијата и слободата на општење на граѓаните. Или поконкретно, законската регулатива која се однесува на примена на мерките за следење на комуникациите треба да содржи кристално јасна престава за околностите и условите под кои јавната власт е овластена да прибегне кон употреба на ваква мерка, начинот на кој се прави следењето, случаите во кои следењето на комуникациите има своја оправданост, органот кој дава наредба за следење на комуникациите. Сето останато оди во правец на неограничена моќ и е во спортивност со принципот на владеењето на правото“.* (**Одлука У.бр.139/2010** од 15 декември 2010 со која Уставниот суд поништи повеќе одредби од Законот за електронските комуникации).

Во одлуката по овој предмет, Судот се повика на соодветните одредби и од меѓународните каталози за човековите права и тоа член 17 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, členовите 1 и 12 од Универзалната декларација за правата на човекот, членот 8 од Европската Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи укажувајќи дека интерпретацијата на релеватните уставни одредби треба да се потпира на општите правни принципи, содржани во Конвенцијата и интерпретирани во праксата на Судот за човекови права во Стразбур (случаите *Iordachi and others*

*v.Moldova*, *Weber and Saravia v. Germany* и др.) во која што практика посебно се потенцира потребата за јасност, прецизност и предвидливост на законските норми.

Во тој предмет Уставниот суд утврди дека: „*поради непрецизноста на употребените изрази, недоуреденоста по однос на условите и процедурата во која може да дојде до отстапување на загарантираното уставно право на приватност, преставуваат реална закана од самоволно и произволно мешање на државните органи во приватниот живот и преписката на граѓаните кое што може негативно да се одрази на честа и угледот на граѓаните без за тоа да има реална основа во Уставот и законите. Поради ваквата состојба оспорените одредби, не можат да се интерпретираат како одредби кои ги гарантираат основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија*“.

### II.IV. Слобода на вероисповеста

- Каква е оригиналната формулација на одредбата со која се заштитува ова право во вашиот национален каталог?
- Дали може ова право да биде ограничено? Доколку да, на кој начин и под кои услови?
- Дали вашиот Суд го разгледувал/интерпретирал ова право подетално? Доколку да, ве молиме дадете практични детали и наведете ги каталозите на човекови права што биле применети?
- Дали постои разлика помеѓу судската практика на вашиот суд и судската практика на меѓународните судови во поглед на заштитата на ова право?

**Одговор:** Во националниот каталог слободата на вероисповеста е гарантирана со член 19 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој се гарантира слободата на вероисповеста. Се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата.Македонската православна црква, како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-Методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред закон. Македонската православна црква, како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-Методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи се слободни во основањето на верски училишта и на социјални и добротворни установи во постапка предвидена со закон.

Слободата на вероисповста како еден аспект на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, според член 54 од Уставот не може да се ограничи.

Од судската практика на Уставниот суд во врска со ова право, се издвојува **Одлуката У.бр.202/2008** од 15 април 2009 година со која беше укинато верското образование во основните училишта. Во Одлуката Судот посебно се осврна на принципот на неутралност и одвоеност на државата од верските работи и укажа

дека: „*членот 19 и Амандман VII од Уставот ја промовираат слободата на вероисповеста, но истовремено го поставуваат принципот на одвоеност на државата и верските заедници, односно принципот на секуларност. Слободата на вероисповеста, според мислењето на Судот, нужно во себе ги содржи принципите дека секој има слобода, без влијание од никого, да го определи своето верско уверување, да прифати или да не прифати одредена вера или да прифати друга вера, или да не прифати никаква вера, да ја исповеда или да не ја исповеда својата вера, да учествува или да не учествува во верски обреди итн. Државата во тој контекст, од своја страна, согласно со принципот на одвоеност од верските заедници, мора да ја задржи својата неутралност и не смее да се меша во прашањата на верата, односно на верските заедници и религиозни групи, да го поттикнува определувањето за определена вера или за верата воопшто, ниту да го попречува изразувањето на верата, ниту пак да наметнува верски конформизам или да бара спроведување на верски активности како општествено пожелно поведение. Означениот уставен амандман, Судот утврди дека го решава на принципиелен начин и прашањето за верското образование (верска поука, веронаука) кое остава да биде предмет на одлука и делокруг на верските заедници и религиозни групи, во рамките на слободата на основање на верски училишта за таа цел.*

*Со оспорената одредба од член 26 од Законот, Судот оцени дека се создава можност во основното образование да се воведе предмет во кој се изучува определена вера, со кој се врши воведување во правилата според кои треба да се однесува припадникот на определена вероисповед, или како што се нарекува – вероучение, верска поука или, најчесто, веронаука. Судот, притоа, има предвид дека и начинот на спроведување на оспорената одредба, во секој поглед, се совпаѓа со оваа констатација. Ваквиот облик на верско образование што произлегува како можност од законот, го надминува академскиот и неутрален карактер на наставата, што инаку е карактеристика на јавното, државно образование и ја инволвира државата во организирањето на таква верска настава, наспроти изнесениот принцип на одвоеност на државата и црквата и во тој контекст, слободниот простор за верските заедници да основаат верски училишта. Оттука, Судот утврди дека оспорената одредба од Законот не е во согласност со член 19 и Амандман VII од Уставот*“.

Слободата на вероисповеста била предмет на неколку случаи покренати врз основа на барања за заштита на слободите и правата пред Уставниот суд, во кои што станувало збор за регистрација на верските заедници, односно одбивање на нивната регистрација, што според подносителите претставувало повреда на нивната слобода на вероисповест. Судот досега нема констатирано повреда на слободата на вероисповеста: во случајот У.бр. 118/2010 (Одлука од 15 декември 2010) Судот го отфрли барањето за заштита на слободите и правата поднесено од претставник на Православната охридска архиепископија, поради одбивање на нејзината регистрација.

Во предметот У.број.24/2012 (Одлука од 20 ноември 2012) Уставниот суд одлучуваше по барање на група лица кои што сметаа дека со одбивањето на регистрацијата на Бекташиската верска заедница им било повредена слободата на вероисповест и правото на еднаквост. Уставниот суд при одлучувањето се

повика на одредбите од членовите 9 и 14 од Европската конвенција за заштита на човековите права, но и на универзалните документи како што се Универзалната декларација за човекови права (член 18) и членовите 18 и 26 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. Во овој предмет при оценката на оправданоста на различниот третман, Уставниот суд се повика и на ставовите на Комитетот за човекови права изразени во неговата *General Commment No.18.*

Судот го одби барањето, утврдувајќи дека одбивањето на регистрацијата во конкретниот случај било од причини предвидени со закон, односно дека името и официјалните обележја на секоја нова црква, верска заедница и религиозна група треба да се разликуваат од називите и официјалните обележја на веќе регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи, така што идентификацијата на барателот на регистрацијата со друг верски субјект кој е веќе регистриран, може да ја доведе јавноста во заблуда, односно да ги доведе верниците во конфузија, што воедно претставува нарушување на нивните верски чувства.

Меѓутоа, во двата овие случаи, што подоцна беа поднесени пред Европскиот суд за човекови права, Европскиот суд утврди повреда на слободата на вероисповеста поради одбивањето на националните органи да ги регистрираат споменатите верски заедници. (случај *Bektashi Community and Others v. Republic of Macedonia* (Applications nos. 48044/10, 75722/12, and 25176/13), Case of *Ortodox Ohrid Archdiocese (Greek-Ortodox Ohrid Archdiocese of the Pec Patriarchy v. Republic of Macedonia*, (Application no. 3532/07).

### II.V. Забрана на дискриминација

- Каква е оригиналната формулација на одредбата со која се заштитува ова право во вашиот национален каталог?
- Дали може ова право да биде ограничено? Доколку да, на кој начин и под кои услови?
- Дали вашиот Суд го разгледувал/интерпретирал ова право подетално? Доколку да, ве молиме дадете практични детали и наведете ги каталозите на човекови права што биле применети?
- Дали постои разлика помеѓу судската практика на вашиот суд и судската практика на меѓународните судови во поглед на заштитата на ова право?

**Одговор:** Правото на еднаквост е гарантирано со член 9 од Уставот на Република Северна Македонија кој гласи: „Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви в о слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви“.

Според практиката на Уставниот суд на Република Северна Македонија правото на еднаквост на граѓаните и недискриминација претставува значаен елемент на принципот на владеењето на правото. Владеењето на правото значи дека правото и законите важат еднакво и за сите, без какви и да било привилегии за одделни поединци или групи. Уставниот суд во својата уставно-судска

практика наоѓал повреда на принципот на владењето на правото секогаш кога со правните норми определени категории на граѓани биле неоправдано ставани во привилегирана положба во однос на останатите граѓани во поглед на остварувањето на исти права (пр. право на работа, право на пензија, право на плата, достапност на работа, сл.).

Во однос на ова прашање Уставниот суд во Одлуката У.бр.58/2010 од 29 септември 2010 година укажал на следново: „*Правото на еднаквост е еден од темелните правни принципи утврдени во Уставот на Република Македонија. Ова право опфаќа два елементи, и тоа прво, дека сите граѓани имаат право да бидат еднакво третирани пред законите и второ, дека законот еднакво се применува кон сите граѓани од страна на државните органи. Со други зборови, правото на еднаквост пред законот значи заштита на граѓанинот од секаков вид на дискриминација во уживањето на правата, но и во остварувањето на обврските.*

*Уставното начело на еднаквост го обврзува законодавецот во уредувањето на односите начелото на еднаквост да го согледа на конкретен, а не на апстрактен начин преку правилото дека со еднаквите еднакво треба да се постапува, а со нееднаквите нееднакво*".

Како позначајна одлука во која Уставниот суд го афирмираше правото на еднаквост и недискриминација се наведува **Одлуката У.бр.191/2005** од 12 април 2006 година, со која Уставниот суд укина одредби од Законот за пратениците кои предвидуваа поповолни и привилегирани услови за стекнување на пензија за пратениците во Собранието на Републиката.

За разлика од постапките за апстрактна контрола на нормите во кои Уставниот суд во многу случаи интервенирал и укинувал дикскриминаторски одредби во законите и подзаконските акти, во постапките по барањата на заштита на слободите и правата Уставниот суд досега само во еден случај нашол повреда на правото на еднаквост и недискриминација. Во случајот споменат погоре[9], Одлуката У.бр.116/2017 од 27 јуни 2018, Уставниот суд освен повреда на слободата на изразувањето утврди и дискриминација по основ на политичка припадност. Уставниот суд повикувајќи се меѓу другите и на одредбата од членот 14 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, утврди дека преземањето на физичка сила од страна на припадниците на полицијата, ставање на лисици на рацете и лишување од слобода само на припадници на определена политичка партија кои учествувале на мирен протест заедно со други лица, претставува дискриминација по основ на политичка припадност.

### II.VI. Право на слобода

- Каква е оригиналната формулација на одредбата со која се заштитува ова право во вашиот национален каталог?
- Дали може ова право да биде ограничено? Доколку да, на кој начин и под кои услови?

---

[9] (види одговор на прашањето под II.II за слободата на изразувањето)

- Дали вашиот Суд го разгледувал/интерпретирал ова право подетално? Доколку да, ве молиме дадете практични детали и наведете ги каталозите на човекови права што биле применети?
- Дали постои разлика помеѓу судската практика на вашиот суд и судската практика на меѓународните судови во поглед на заштитата на ова право?

**Одговор:** Правото на слобода е гарантирано со член 12 од Уставот на Република Северна Македонија кој гласи:

„Член 12

Слободата на човекот е неприкосновена. Никому не може да му биде ограничена слободата, освен со одлука на судот и во случаи и во постапка утврдена со закон. Лицето повикано, приведено или лишено од слобода мора веднаш да биде запознато со причините за неговото повикување, приведување или лишување од слобода и со неговите права утврдени со закон и од него не може да се бара изјава. Лицето има право на бранител во полициската и судската постапка. Лицето лишено од слобода мора веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од моментот на лишувањето од слобода, да биде изведено пред суд, кој без одлагање ќе одлучи за законитоста на лишувањето од слобода. Притворот до подигнување на обвинението, по одлука на суд, може да трае најдолго 180 дена од денот на притворувањето. По подигнување на обвинението, притворот го продолжува или го определува надлежниот суд во случај и во постапка утрдени со закон. Притвореното лице може под услови утврдени со закон да биде пуштено да се брани од слобода“.

Согласно наведената уставна одредба условите под кои што може да биде ограничена слободата на човекот се утврдуваат со закон, при што неопходно е да се нагласи дека ограничувањето на слободата може да го определи само суд во постапка пропишана со закон.

Основите за притвор се утврдени во Законот за кривичната постапка, во членот 165 според кој: (1) Ако постои основано сомневање дека определено лице сторило кривично дело, доколку притворот е неопходен за непречено водење на кривичната постапка, против тоа лице може да се определи притвор, ако:

1) се крие, ако не може да се утврди неговиот идентитет или ако постојат други околности што укажуваат на опасност од бегство;

2) постои основан страв дека ќе ги сокрие, фалсификува или уништи трагите на кривичното дело или ако особени околности укажуваат дека ќе ја попречува кривичната постапка со влијание врз сведоците, вештаците, соучесниците или прикривачите;

3) особени околности го оправдуваат стравот дека ќе го повтори кривичното дело, или ќе го доврши обиденото кривично дело или дека ќе стори кривично дело со кое се заканува или

4) уредно повиканиот обвинет очигледно избегнува да дојде на главната расправа, или ако судот направил два обиди уредно да го повика обвинетиот, а сите околности укажуваат дека обвинетиот очигледно одбегнува да ја прими поканата.

Со оглед на тоа што мерката притвор се смета дека претставува најстрога мерка за обезбедување пристуство на обвинетиот во кривичната постапка, бидејќи со неа се ограничува слободата како основно човеково право кое што е

нераскинливо поврзано со човековата личност, Уставниот суд секогаш мошне внимателно пристапувал при одлучувањето за уставноста на одредбите од Законот за кривичната постапка кои се однесуваат на притворот, а кои што во повеќе наврати биле предмет на анализа и уставно-судска контрола. Тука ќе ја наведеме **Одлуката У.бр.34/2005** од 31 мај 2006 година која се однесува на лишувањето од слобода и правото на презумпција на невиност. Со оваа одлука Уставниот суд ги укина одредбите за задолжителен притвор за кривичните дела за кои е пропишана казна доживотен затвор. Судот оцени дека со обврската судот да изрече мерка притвор за овие кривични дела, само поради тежината на казната доживотен затвор, судијата е оневозможен врз основа на своето слободно судиско уверување и сестрана и грижлива оцена на фактите и доказите да оценува дали постојат основите за определување притвор утврдени во Законот за кривичната постапка. Во образложението на Одлуката Судот укажа дека со одредбата за задолжителен притвор се изместува уставната позиција на судот да одлучува за потребата и основаноста на притворот како најстрога мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во кривичната постапка, а законодавецот преку оваа императивна норма го обврзува судот само формално да донесе решение за притвор. Утврдувајќи обврска за судот задолжително да определи мерка притвор, само затоа што Законот императивно тоа го наложува, значи дека законодавецот е тој кој за конкретни кривични дела одлучил за мерката притвор, а не судот, поради што Судот утврди дека со оваа одреба се повредува уставното начело на владеењето на правото, поделбата на власта и правото на презумпција на невиност.

Од меѓународните каталози за човекови права во овој предмет Уставниот суд се повика на одредбата од членот 5 и членот 6 став 2 (презумпција на невиност) од Европската конвенција за човекови права.

Меѓународните каталози за човековите права беа применети и при оценката на уставноста на казната доживотен затвор. Во предметот **У.бр.28/2008,** Уставниот суд оцени дека изрекувањето на доживотен затвор не е некомпатибилно со уставните одредби, од причина што во законот е дадена можност за условен отпуст и помилување, така што осуденикот на оваа казна не е однапред лишен од каква и да било можност, односно шанса за отпуштање од натамошно издржување на казната и повторно стекнување на слободата. Во наведеното решение, Уставниот суд се повика на одредбите од членот 3 и член 5 став 1 од Европската конвенција за човекови права, цитираше и анализираше повеќе други меѓународни документи како што се: Конвенцијата за правата на детето, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Римскиот статут на Меѓународниот кривичен суд, Стандардните минимални правила за третман на осудените лица како и препораки на Советот на Европа во врска со пенитенцијарниот систсем.

Уставниот суд директно се повика и на практиката на Европскиот суд за човековите права (случаите *Leger v. France, Kafkaris v. Cyprus, Stanford v. U.K.*) *и* ги примени истите критериуми што ги применил Европскиот суд за човекови права во Стразбур, а тоа се критериумот за редуктибилност на казната, односно дали осуденикот на оваа казна има изгледи за отпуштање или не. Уставниот суд на Република Македонија оцени дека; „Со *самиот факт што осудениот на оваа казна може да бара условен отпуст, под услови точно предвидени во Кривичниот законик, односно по издржани 15 години затвор, произлегува дека*

*осуденикот на оваа казна не е однапред лишен од каква и да било можност, односно шанса за отпуштање од натамошно издржување на казната*“, поради што оцени дека казната доживотен затвор е во согласност со Уставот.